# ПЕРУНИКА

Пред многу време, уште пред луѓето и животните да постојат, со земјата владееле само растенија и цвеќиња, сите во посебни кралства. Едно од нив било на кралот Златен Крин. Се простирало на полуостров веднаш до Средоземното море. Во изобилство имало бистра, питка вода, што течела од околните извори и поточиња; голема и силна војска од јорговани, зимите биле благи, а летата свежи и тоа ѝ давало на земјата плодност. Можело да се види до кај се границите, заради нијансите на виолетовата боја. Од сите цвеќиња, од розева до темно-сина нијанса сјаел аметист и сите живееле многу удобно. Опкружено со пустински песок, ова големо кралство навистина имало среќа.

Сепак, нашиот мал и убав крал, со денови седел на својот престол од роса и тагувал. Сакал да има кралица, со која ќе ја поминува својата ноќ. Но, за жал, сите тие големи балови што ги правеле на денот на пролетта не вродиле со плод. Ниедна прекрасна темјанушка, ниту убава незаборавка не го освоила неговото срце. И затоа на кралот полека почнале да му се сушат лисјата. Ноќе кога спиеле сите, знаел да се прошета низ ливадите, но веќе ни тоа не го правел, и веќе почнал да се прашува дали некогаш, додека е жив ќе ја запознае својата кралица.

Една вечер со месечина, му пришол Виорот. Тој бил ветер, многу палав, дури знаел да направи и по некоја белја, но многу сакал да им помага на цвеќињата. Му бил советник на кралот, бидејќи познавал многу посилни ветрови и отаде морето. „Кралу мој" – тивко дувнал Виорот – „Да одиме кај стариот орев, единствениот странец во нашето кралство. Неговите шупливи гранки знаат многу. Тој ќе те советува за твојата мака". И го качил на своите невидливи плешки и го одвеал до големиот, стар орев. Долго време го чекале да се разбуди. Крцкајќи со големите гранки, конечно промрморел во знак на почит на неговото височество. Виорот дрдорел, објаснувал, му ги бушавел лисјата на оревот, го преметкал кралот те на првата те на осмата гранка.

Помолчел стариот дојденец, подразмислил, па му рекол на Златниот Крин: „Од крајот на морето сум. Ме донесоа многу поголеми ветрови од овој пезевенк овде, уште кога бев гранка. За среќа, некако пуштив корење, и скоро и да заборавив дека се знаев со твојот чукундедо... Нејсе, ти нема да најдеш тукашна девојка. Твојата кралица не може да има пурпурен аметист во градите. Мора да има чист блесок. Во мојот стар крај такви имаше меѓу перуниките. Кога ќе кренат кокичињата глава, пред пролетта да дојде, пушти ги твоите војски од јорговани, пушти го Виорот. Нека замириса на секој цвет, за да ја намамите пролетта порано. И можеби зимските ветрови, заедно со пролетта ќе довеат некоја перуника. Но внимавај, многу си ги чуваат своите пелерини, како не би се открил блесокот од нивното срце. Треба да знаеш да чекаш и да ја цениш нејзината слобода, доколку ја сакаш. Инаку ќе се скрие во својата наметка и нема повеќе да ја видиш. Запомни дека девојчињата бираат, а не момчињата, ма какви и цвеќиња да се, " загадочно завршил старецот и ги стресол своите гранки, фрлајќи го малиот крал на земја.

Наредил кралот да се развијат знамињата на династијата Лилјани, да се собере војската од јорговани, да се отвори секој цвет, да замириса кралството што порано може. Се вивнал Виорот,

зашумеле јоргованите, темјанушките шиеле најпрекрасни фустани, Сонцето излегло да помогне, иако некаде западно се гледале црните облаци на зимата. И неколку недели пред пролетта, западните ветрови донеле бура и дожд, а со нив на бреговите стасале секакви алги, гранки, цвеќиња и што ти не. Јоргованите ги превртеле сите остатоци што ги донела бурата, секое камче и гранче, но од перуника - ни трага. Иако бил натажен, сепак кралот наредил да се спаси секоја тревка, да ѝ се овозможи дом, сонце и вода. Меѓу нив имало и една лушпа од орев, па дури и нејзе  ја зачувале и ја засадиле заедно со останатите семки што ги нашле.

Поминале сите годишни времиња во круг, па пред пролетта повторно да дојде, на една вообичаена обиколка на новите сограѓани, Кринот забележал празна лушпа од орев. Се зачудил, и покрај празната лушпа видел сосема ново цвеќенце. Тоа се скрило во лушпата како семка и пораснало во Перуника. Првпат во животот затреперија лисјата на кралот. Никогаш не видел толку убава пелерина. Ѝ се претставил, но таа само молчела. Не одговорила на ниту едно прашање. Ја оставил на мир, ѝ доделил неколку темјанушки да се грижат за нејзе и дошол наредното утро. Но, перуниката ја снемало! Веднаш кралот наредил да се оди во потрага по нејзе, но како да пропаднала во земја.

Поминало некое време и додека кралот шетал на друг крај од брегот, повторно му се појавила. Овојпат проговорила и посакала да оди до виножитото. Кралот сакал да ја спречи, но се сетил на советите од стариот орев и решил да ѝ понудил придружба. Перуниката одбила, се заблагодарила на гостопримството и заминала. Златниот крин тажно гледал со денови во правецот на виножитото.

Веќе поминало доста време од последниот дожд, и кралот трпеливо чекал. И еден ден заврнал дожд од едната страна, а Сонце блеснало од другата. Сите цвеќенца се собрале да му се израдуваат на виножитото кое секогаш се појавувало во средина, но виножито немало. Наместо него, се појавила Перуниката во фустан со најубави бои. Кралот занемел од нејзината убавина и ѝ ги бакнал ливчињата. Перуниката се поклонила, и му рекла: „Ти благодарам што имаше доверба во мене. Сакав фустан од виножито за нашата свадба, и прости ми што сакав да имам свој, што нема да биде направен од твоите поданици. Ја почитуваше мојата слобода, ме чекаше, и заради твојата доверба и трпение се вљубив во тебе. Се надевам дека и јас сум достојна за тебе.“

Било тоа голема свадба, Златниот крин и Перуниката ги крунисала лично пролетта, додека Виорот танцувал и пеел. Целото кралство се веселело, секој лист треперел, додека пролетта танцувала меѓу нектарите. Се славела љубовта која траела до почетокот на нашето време.

И ден-денес постои градот Тир, кој е изграден веројатно токму на тоа место, бидејќи е познат по своите виолетови бои. Ако се најдете таму, обидете се да надушкате мирис на нектари, можеби ќе го пронајдете старото кралство.

Сибо